ПОШТА POSTA
ПОШТА на Северна Македонија во државна сопственост - Скопје
Shoqate aksionare per komunikacion postar POSTA e Maqedonisë së Veriut ne pronësi shtetërore - Shkup
Бр./Nr. 1501-13/62
20 год.
7-03 2022

# ДОГОВОР ЗА ЈАВНА НАБАВКА НА УСЛУГИ

## Дистрибуција и испраќање на поштенски пратки во внатрешен сообраќај над 50 грама (Дел 1)

05 - 824/3
14. 03. 2022

## I.ДОГОВОРНИ СТРАНИ:

1. Министерството за животна средина и просторно планирање со адреса на плоштад „Пресвета Богородица" број 3, Скопје застапувано од Naser Nuredini, министер (во понатамошниот текст: „Договорен орган") и

2. АД за поштенски сообраќај "Пошта на Северна Македонија во државна сопственост" со адреса на ул."Орце Николов" број 46, Скопје застапувано од Јани Макрадули, генерален директор (во понатамошниот текст: „Носител на набавката).

## II.ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 1**

Предмет на договорот за јавна набавка е извршување на услуги за Дистрибуција и испраќање на поштенски пратки во внатрешен сообраќај над 50 грама спроведена како Дел 1 од набавката од мала вредност по оглас бр. 01231/2022 за Набавка на услуга за дистрибуција и испраќање на поштенски пратки во внатрешен и меѓународен сообраќај, а согласно понудата, која е составен дел на овој договор.

## III. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 2**

(1) Вкупната максимална вредност за Дел 1 изнесува 250.000,00 денари.
(2) Врз основа на член 23 точка 4 од Законот за данокот на додадена вредност (Службен весник на РМ, бр. 44/99....198/18 и Службен весник на РСМ, бр.98/19......267/20), се ослободуваат од данок на додадена вредност - Поштенски услуги од страна на Македонската пошта.
(3) Единечната цена за реализација на предметот на овој договор е дадена во понудата на Носителит на набавка, составен дел на овој договор.

**Член 3**

Договорните страни се согласни цената на услугата утврдена во конечната понуда да е непроменлива во периодот на времетраење на договорот односно ќе бидат фиксни за целото времетраење на договорот за јавна набавка.

**Член 4**

Договорот е склучен на максимално предвидениот износ при што договорниот орган не се обврзува да го искористи вкупниот износ на договорот.

## IV. ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 5**

Договорот се склучува за временски период од 1 /една/ година сметано од денот на потпишувањето на договорот или до целосна реализација на вредноста на договорот (што прво ќе достаса).

## V.НАЧИН, РОК И МЕСТО НА ИЗВРШУВАЊЕ НА УСЛУГИТЕ

**Член 6**

(1) Носителот на набавката се обврзува предметот од член 1 од овој Договор да го извршува сукцесивно према потребите на Договорниот орган согласно техничката спецификација од тендерската документација по оглас 01231/2022 и прифатената понуда.

(2) Носителот на набавката е должен за реализација на услугата која е предмет на набавката да ги презема сите активности кои одговараат на природата на бараната услуга, на начин и под услови согласно прописите за поштенски услуги. Носителот на набавката е должен предметните услуги да ги врши навремено, точно, безбедно и совесно,согласно описот и природата на бараните услуги и правилата и стандардите за квалитет за брзо и ефикасно извршување на услуги од поштенскиот сообраќај,а согласно прописите за поштенски услуги во Република Северна Македонија.

(3) Секое извршување на услугите од страна на носителот на набавката спротивно на условите предвидени во тендерската документација ќе се смета за неквалитетно и несоодветно извршување на предметната набавка.

**Член 7**

(1) Поштенските пратки предмет на овој договор, носителот на набавката се обврзува да ги преземе и испорачува секој работен ден, со најмалку еден прием/собирање и транспорт со една испорака/дистрибуција на ден, во и од службените простории на договорниот орган, во рок утврден со прописите за вршење на поштенски услуги.

(2) Носителот на набавката го докажува приемот на пратката од примачот со писмен доказ во кој се содржани датумот на достава на пратката, име и презиме на примачот и своерачен потпис на примачот.

Доказот дека пратката е доставена ќе се доставува до службените простории на Министерството за животна средина и просторно планирање, со адреса на Плоштад Пресвета Богородица бр.3, Скопје по извршена достава истиот ден кога е извршена, а најдоцна во рок од 48 (четириесет и осум) часа од извршената испорака.

(3) Доказот за извршена испорака се враќа за извршена достава само во случај кога испраќачот ќе одбере тип на препорачана или лична достава. Во случај кога испрачот ќе одбере тип на обична достава како доказ за извршена испорака ќе се смета конечниот извештај за испорака.

## VI. НАЧИН И РОК НА ПЛАЌАЊЕ

**Член 8**

(1) Плаќањето на услугата, ќе се изврши во рок од 30 (триесет) дена по приемот на фактурата за извршените услуги со приложена испратница, потпишана од страна на Договорниот орган и Носителот на набавката.
(2) Во прилог на фактурите, носителот на набавката задолжително доставува докази за извршената испорака (прилози од приемни книги потврдени од носителот на набавката и конечен извештај потврден од двете договорни страни).
(3) Во прилозите од приемната книга (докази за извршена испорака) да се наведе бројот на преземања за тој ден, доколку ги имало.
Во потврдените конечни извештаи кои се доставуваат како доказ во прилог на фактурите, задолжително да се наведе бројот на превземања на пратки доколку ги имало, соодветно за секој месец.
Под потврден конечен извештај се смета извештај на кој е наведено име и презиме и своерачен потпис (од определите лица од двете договорни страни) и печат.
(4) Носителот на набавката фактурирањето ќе го врши по истекот на месецот во кој се извршени услугите, врз основа на спецификации за извршена испорака и/или достава на пратки на дневна основа во текот на месецот.

## VII. ИЗГОТВУВАЊЕ И ДОСТАВУВАЊЕ НА ФАКТУРАТА

**Член 9**

При изготвувањето на фактурата, Носителот на набавката е должен да ги наведе следните елементи:

- назив на Договорниот орган, место, седиште, даночен број;
- број и датум на Договорот;
- опис на услугата;
- единечни договорени цени на услугите предмет на овој Договор;
- други зголемувања или намалувања, согласно со договорните услови (камати, пенали, разлики на цени и сл.);
- вкупна вредност на фактурата.

## VIII. ИЗВРШУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 10**

Договорните страни го извршуваат договорот за јавна набавка согласно со условите утврдени во тендерската документација и избраната најповолна понуда.

**Член 11**

Договорниот орган ќе врши контрола дали извршувањето на договорот за јавна набавка е во согласност со условите од договорот.

## IX. НАДОМЕСТ НА ШТЕТА

**Член 12**

Ве известуваме дека висината на надоместок за настаната штета за поштенските услуги е регулирана согласно член 64 од Законот за поштенските услуги, како посебен закон со кој се регулура поштенското работење во Р.Северна Македонија.

## X. ВИША СИЛА

**Член 13**

Ниту една од договорните страни не одговара и нема да биде одговорна за неисполнување на обврските по овој Договор до кое би дошло поради Виша сила. Ако една од договорните страни е спречена поради Виша сила, должна е во рок од 24 часа писмено да ја извести другата страна, со наведување на причините за Вишата сила и по можност обезбедување на соодветен доказ.

По отстранување на Вишата сила Договорот може да се реализира по потре-ба со заеднички прифатено дополнување или да се раскине договорот.

## XI. ИЗМЕНИ НА ДОГОВОРОТ ЗА ЈАВНА НАБАВКА ВО ТЕКОТ НА НЕГОВАТА ВАЖНОСТ

**Член 14**

Во текот на реализацијата на договорот може да дојде до негово менување согласно со член 119 од Законот за јавните набавки.

## XII. УСЛОВИ ЗА ПРЕКИНУВАЊЕ ИЛИ РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 15**

Кога една од договорните страни не ја исполни својата обврска, другата договорна страна, може да бара исполнувањето на обврските или да го раскине договорот, а во секој случај има право на надомест на штетата.

**Член 16**

Кога една од договорните страна не ја исполни својата обврска во определениот рок, другата договорна страна, ќе и остави примерен дополнителен рок за исполнување на обврската.

Ако договорната страна која не ја исполнила својата обврска во определениот рок, не ја исполни обврската ни во дополнителниот рок, другата договорна страна, може да го раскине договорот.

**Член 17**

Договорниот орган може да го раскине договорот и без да му остави на Носителот на набавката дополнителен рок за исполнување, доколку од неговото однесување се покаже дека тој нема да ја изврши својата обврска ниту во дополнителниот рок.

## XIII. РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ

**Член 18**

Сите спорови кои ќе произлезат од овој договор или во врска со него, ќе се решаваат пред надлежниот суд.

## XIV. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 19**

Договорните страни можат да ги дополнат и/или изменат одредбите од овој договор само спогодбено.
Договорната страна која бара измена и/или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.
Одредбите од овој договор можат да се изменат и/или дополнат со склучување на Договорот за изменување и дополнување на основниот Договор.
Дополнувањата и измените на овој договор се важечки ако се направени во писмена форма и ако се потпишани од двете договорни страни.

**Член 20**

Ниту една договорна страна нема право своите обврски да ги пренесе на трета страна, без взаемна писмена согласност.

**Член 21**

Овој договор влегува во сила и произведува правно дејство помеѓу договорните страни од денот на неговото потпишување од двете договорни страни.

**Член 22**

Овој договор е составен од 6 (шест) примероци, од кои Договорниот орган задржува 4 (четири) примероци додека Носителот на набавката задржува по 2 (два) примерока.

**ДОГОВОРЕН ОРГАН:**
**Министерство за животна средина и просторно планирање**
**Министер**
Naser Nuredini

**НОСИТЕЛ НА НАБАВКАТА:**
**АД за поштенски сообраќај Пошта на Северна Македонија во државна сопственост**
**Генерален Директор**
Јани Макрадули

**Изготвил:** Faton Dardhishta
**Контролирал:** Burbuqe Haxhijaha
Марјан Крстевски
**Одобрил:** Весна Петрушевска
**Согласен:** Каја Шукова
Државен секретар

*Прилог: Понуда на АД за поштенски сообраќај Пошта на Северна Македонија во државна сопственост*